ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 86 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), член 143 став (1) алинеа 5 и член 144 став (1) алинеа 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува

# КОНКУРС
## За финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2023 година

### Член 1

Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Конкурс за финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2023 година.

Основни цели на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места.

Месните заедници како облици на месна самоуправа, покрај другите обврски, се грижат и за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

Културните дејности, програми, манифестации и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со годишна програма и со Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година.

### Член 2

На Конкурсот имаат право да учествуваат сите **активни** месни заедници, со легитимни органи на управување, коишто ги претставуваат интересите на жителите од своето населено место.

### Член 3

Пријавувањето на Конкурсот се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во два истоветни примерока.

Апликантите (месните заедници), покрај пријавата, задолжително треба да достават:

- Потврда за отворена и активна жиро сметка на име на физичко лице - претставник на месната заедница.
- По потреба, апликантите во прилог треба да достават и други документи поврзани со проектната програма.
- Пријавите (апликациите) се преземаат од официјалниот веб-портал на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

**Член 4**

Пријавите треба да се достават до Општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов" бр.4, 1480 Гевгелија, или во архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот (30.12.2022),со назнака „**Конкурс за финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2023 година**".

Период за доставување на апликации од **14.12.2022 година до 30.12.2022 година**.

**Напомена:** Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел. 075/228-617.

Бр.08-2480/1
13.12.2022 год
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов**